РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВЕЛЕС
Бр. 03-4451/1
24.11.2021 год.
ВЕЛЕС

Согласно член 5 од Правилникот за условите, начинот и постапката за доделување на повеќегодишни садници на физички и правни лица од подрачјето на Општина Велес (Службен гласник на Општина Велес бр. 12/21), Општина Велес објавува

# ЈАВЕН ПОВИК
## за доделување на повеќегодишни садници на физички и правни лица за 2021г.

### 1. Опис на Јавниот повик

Општина Велес, со цел да ги стимулира правните и физичките лица за сопствено учество во подобрување на квалитетот на амбиентниот воздух објавува Јавен повик за доделување на садници кој трае 30 дена од денот на објавувањето.

Јавниот повик ќе се реализира по принципот „прв дојден, прв услужен".

Доколку бидат исцрпени сите количини садници за оваа намена, Општина Велес ќе ја информира јавноста на својата веб страна дека Јавниот повик е прекинат пред истекот на рокот за кој е објавен.

Доколку сите садници не се доделат до крајот на истекот на рокот, Јавниот повик продолжува до крајот на годината.

### 2. Право на учество на физички лица на Јавниот повик

Право на учество на овој Јавен повик имаат физички лица - жители на Општина Велес кои:

- Склучиле брак во тековната година – еден од брачните партнери;
- Добиле новороденче во тековната година - еден од родителите на новороденчето;
- Посвоиле дете во тековната година - еден од родителите/старателите на детето;
- Вдомиле бездомно животно во тековната година - сопственикот кој го вдомил животното;
- Купиле/изградиле станбен објект во индивидуално или колективно домување во тековната година - сопственикот на објектот;
- Добиле признание за својата работа или учење од локални, државни или меѓународни институции во тековната година - добитникот на признание или негов родител/старател доколку се работи за малолетно лице,

а кои ги исполнуваат условите од овој Јавен повик.

Барателот:
- за склучен брак има право на една садница,
-за добиено новороденче има право на една садница за секое новороденче,
- за посвоено дете, една садница за секое посвоено дете,
- за вдомено животно, една садница за секое вдомено животно,
- за купен/изграден станбен објект во индивидуално или колективно домување 5 садници,

- за добиено признание за својата работа или учење од локални, државни или меѓународни институции 5 садници.

### 3. Право на учество на правни лица на Јавниот повик

Право на учество на овој Јавен повик имаат правни лица од следните категории:

- Кои имаат сопствени дворни површини, а што се докажува со имотен, односно евидентен лист во кој е утврдено правото на сопственост, односно корисничкото право;
- Кои поседуваат документација дека ги усогласиле стандардите за заштита на животната средина, а што се докажува со Решение за одобрен Елаборат за заштита на животната средина, односно Решение за издадена Б-Интегрирана еколошка дозвола, во зависност од видот на дејностите/активностите кои се извршуваат,

а кои ги исполнуваат условите од овој Јавен повик.

Доколку се работи за објект за чија дејност е потребен Елаборат за заштита на животната средина барателот има право на 10 садници, а доколку се работи за објект кој подлежи на издавање на Б-Интегрирана еколошка дозвола барателот има право на 20 садници.

### 4. Услови што треба да ги исполни барателот

Физичкото лице/барател е должно да ги исполни следниве услови:

- да е жител на Општина Велес што се докажува со обична копија од важечка лична карта или пасош,
- да поседува доказ во оригинал или копија во зависност од категоријата на која и припаѓа и тоа се докажува со:

- доставен оригинал или копија од Изводот од матичната книга на венчаните за склучен брак;
- доставен оригинал или копија од Изводот од матичната книга на родените, доколку се работи за новороденче;
- доставен оригинал или копија од документ кој го појаснува старателството издаден од надлежен орган, доколку се работи за посвојување на дете;
- потврда од овластен ветеринар или копија од пасош за чипирано животното, доколку се работи за вдомување на животно;
- копија од договор за купопродажба или имотен лист за докажување на сопственост, доколку се работи за купен/изграден станбен објект;
- копија од доделеното признание, доколку се работи за добивање признание за својата работа или учење од локални, државни или меѓународни институции.

Правното лице/барател е должно да ги исполни следниве услови:

- Да е регистриран правен субјект што се докажува со тековна состојба на правното лице не постара од шест месеци;
- Да има сопствена дворна површина, а што се докажува со имотен, односно евидентен лист во кој е утврдено правото на сопственост, односно корисничкото право;

- Да достави копија Решение за одобрен Елаборат за заштита на животната средина, односно Решение за издадена Б-Интегрирана еколошка дозвола, во зависност од видот на дејностите/активностите кои се извршуваат.

**5. Начин на пријавување на јавниот повик**

Барателот за добивање субвенција е должен да ја поднесе следната документација:

- Барање за доделување на садница (Барањето може да се подигне во архивата на Општина Велес или да се обезбеди од интернет страницата на Општината: www.veles.gov.mk),
- Фотокопија на важечка лична карта на барателот ако е физичко лице,
- Тековна состојба на барателот во оригинал или копија ако е правно лице, не постара од шест месеци;
- Документација утврдена во точка 4 во оригинал или копија, во зависност од категоријата на која и припаѓа.

Барањата заедно со потребната документација се поднесуваат во архивата на Општина Велес, на ул. Панко Брашнар бр. 1 Велес, секој работен ден од 07.30 до 15.30 часот, во затворен плик.

На пликот на задната страна да се наведе: **"Јавен повик за доделување на садници"**.

Архивата на Општина Велес примените барања ги евидентира со точното време на поднесување (датум, час и минута), заради воспоставување редослед по кој ќе се разгледуваат барањата.

**6. Начин на спроведување на Јавниот повик**

За спроведување на постапката, Градоначалникот формира Комисија за спроведување на постапката за доделување садници, составена од претседател и 4 члена.

Општина Велес на својата веб страна ќе ја извести јавноста за прекинување на Јавниот повик пред истекот на крајниот рок при пристигнување на доволен број на барања со кои ќе се исцрпат садниците за оваа намена, како и за продолжување на крајниот рок од овој Јавен повик до целосно исцрпување на садниците.

Врз основа на доставената документација, Комисијата утврдува дали се исполнети сите услови и изготвува потврда за доделување на садници за секој барател поединечно.

Комисијата ги известува барателите во рок од 7 дена од денот на поднесување на барањето доколку барателот нема уредна и комплетна документација и му ја враќа истата во прилог на известувањето.

Барателите за кои ќе се донесе позитивна одлука во врска со барањето, со потврдата за добивање на садници која ќе биде издадена од општината ќе можат во расадникот на Јавното комунално претпријатие Дервен да ги подигнат садниците, во период кога временските услови дозволуваат садење (од ноември до март).

**ОПШТИНА ВЕЛЕС**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ВЕЛЕС
ОПШТИНА ВЕЛЕС